„Заколнувањето (при купопродажба) го поттикнува продавањето на стоката, но го уништува бериќетот од добивката.“

Од Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: Го слушнав Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Заколнувањето (при купопродажба) го поттикнува продавањето на стоката, но го уништува бериќетот од добивката.“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, предупредил од заколнувањето и претераното користење на заклетви при купопродажба – дури и кога човекот е искрен – и известил дека иако тоа може да придонесе стоката побрзо да се продаде, сепак е причина за губење на бериќетот во заработката. Аллах може да му испрати на таквиот човек несреќи преку кои ќе му се уништи имотот – било преку кражба, пожар, поплава, насилно отуѓување, грабеж, или други причини што водат до загуба на имотот.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5936